# LIABILITY FOR DAMAGES CAUSED BY TERRORIST ACTS, PUBLIC DEMONSTRATIONS OR MANIFESTATIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA - ANOMALIES AND SOLUTIONS

**Betim Ameti**
International Balkan University – Skopje ametibetim@gmail.com

**Abstract:** The world is currently going through a difficult period. Every day we hear news how the security system of developed countries has failed to prevent terrorist acts of individuals or groups that kill and cause harm to innocent people for unknown motives. Upon completion of such a crime begin its consequences. In order for such consequences, not to paralyze life in the social community, the state necessarily should take measures to restore these consequences as soon as possible and more fully. The responsibility for damage caused by terrorist acts, public demonstrations or manifestations is one of the special cases of liability, through which it is foreseen to rectify the consequences that result from the above actions by compensating for the damage suffered. Liability for damage caused by terrorist acts, public demonstrations or manifestations is an institution of the Tort law of the Republic of Macedonia, which is regulated by the Law on Obligations. This institute answers the question of who compensates the damage caused by terrorist acts, public demonstrations or manifestations, which damage is compensated and to what amount and who is entitled to claim compensation and who does not. The Institute liability for damage caused by terrorist acts, public demonstrations or manifestations in the Republic of Macedonia has been undertaken with very minor changes from the former Socialist Republic of Yugoslavia and has not suffered essential changes until today. The scientific and expert thought of the Republic of Macedonia lacks discussions, papers and research concerning this important institute of tort law. Such lack is even more surprising given that the institute liability for damage caused by terrorist acts, public demonstrations or manifestations was widely applied in the armed conflict in 2001. The aim of this paper is to clarify some of the anomalies that this institute has and to propose solutions in order to overcome them. While exploring the abovementioned anomalies and delivering solutions were used the analytical, normative and the comparative method. However, the synthetic and historical method appeared as necessary. The deductive and inductive are only used when making the conclusions and observations of the research. As an auxiliary, both the teleological, ontological and other methods are used. The author of this paper after the research came to the conclusion that the institution of liability for damage caused by terrorist acts, public demonstrations or manifestations must be altered. This institution, as regulated *lat.De lege lata* to a good extent, abounds with legal problems, and in part it is outdated conceptually and it is necessary to change it. The legal problems are different in their ontology, starting from gaps and inconsistencies until the contradiction of part of the provisions of this law with another law that regulates individual aspects of this institute. While part of this paper is obsolete, it is necessary to change it in order to meet today's challenges.
**Keywords:** Liability, damage, terrorist acts, public demonstrations, public manifestations

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА СО ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ, ЈАВНИ ДЕМНОСТРАЦИИ ИЛИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – АНОМАЛИИ И РЕШИНИЈА

**Бетим Амети**
Меѓународен Балкански Универзитет – Скопје ametibetim@gmail.com

**Резиме:** Светот во моментот поминува низ тежок период. Секој ден слушаме вести како безбедносниот систем на развиени држави не успеал да спречи терористички акти на индвидуалци или групи коишто од непознати мотиви убиват и причинуваат штета на невини лица. Откако е довршено вавкото злодело почнуваат последиците од истото. Со цел ваквите последици да не го парализираат животот во општествената заедница, државата нужно треба да преземе мерки што поскоро и поцелосно да се санираат овие последици. Одговорноста за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации претставува еден од посебните случаи на одговорност, преку кој е предвидено да се санираат последиците коишто настануваат од горенаведените дејствија преку надоместување на претрпената штета. Одговорноста за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации претставува

институт на оштетното право на Република Македонија кој што е регулиран во Законот за облигационите односи. Овој институт дава одговор на прашањето кој ја надоместува причинетата штета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации, која штета се надоместува и до кој износ и кој има право да бара надомест а кој не. Институтот одговорност за штета причиета со терористички акти, јавни демонстации или манифестации во Република Македонија е преземено со многу мали измени од бившата Социјалистичка Република Југославија и не претрпел есенцијални измени до денес. Во научната и стручната мисла на Република Македонија недостасуваат дискусии, трудови и истражувања во врска со овој значаен институт на оштетеното право. Таквиот недостаток уште повеќе изненадува имајќи предвид дека институтот одговорност за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации беше широко применет по вооружениот конфликт во 2001 година. Целта на овој труд е да ги расветли некој од аномалиите со коишто ги има овој институт и да дава предлог решенија со цел да се надминат истите. При истражувањето на горенаведните аномалии и давањето на решенијата се користени аналитичкиот, нормативноправниот и компаративниот метод. Меѓутоа како неопходни се јавија и синтетичкиот и историскиот метод. Дедуктивниот и индуктивниот се користени само при донесувањето на заклучоците и согледувања на истражувањето. Како помошни се користени и телеолошкиот, онтолошкиот и низа на други методи. Авторот на овој труд по спроведеното истражување дојде до заклучок дека институтот одговорност за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации мора да претрпи промени. Овој институт вака како што е регулиран *lat. de lege lata* во добар дел изобилува со правни прболеми, а во дел е застарен концепциски и неопходна е измена на истиот. Правните проблеми се различни по нивната онтологија, почнувајќи од правни празнини и недоследности па се до косење на дел од одредбите на овој закон со друг закон кој регулира поединечни аспекти на овој институт. Додека пак еден дел од овој труд е застарен и нужно е негова измена со цел да одговара на денешните предизвици.
**Клучни зборови:** Одговорност, штета, терористички акти, јавни демонстрации, јавни манифестации

## 1. ВОВЕД

Одговорноста за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации претставува институт на оштетното право, којшто дава одговор на прашањето на кого спаѓа одговорноста за надоместување на штетата причинета во горенаведените ситуации. Во случаите кога со терористички акт, јавни демонстрации или манифестации ќе се причини штета на одреден правен субјект за штетата одговара државата независно од тоа што таа не ја причинила ова штета. Идејата позади ваквата одговорност се разликува од држава до држава, но генерално две се најпознати. Првата тргнува од тоа дека држава треба да одговара поради тоа што не го спречила ваквото настанување на штета. Втората идеја, тргнува од принципот на солидарност, па отттука државата презема обрска да му помогне на оштетниот со репрацијата на штетата. Во конкретниот случај државата е правен штетник. Откако таа ќе ја надомести штетата има право да бара регрес од фактичкиот штетник. Многу развиени држави во нивните законодавства го имаат инкорпорирано овој институт (така на пример Германија, Франција, Шпанија, Хрватска, Србија, Македонија). независно од тоа што содржински се разликува од една до друга. Разликата е нормална појава имајќи го предвид и фактот дека нивните правни системи се различно развиени и се плод на различни култури, традиции, степен на економски развој и други фактори. Меѓутоа од значење е фактот што сите тие правни системи во случаите кога ќе се причини штета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации, државата одговара за причинетата штета.

Институтот одговорност за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации во Република Македонија (во натамошен текст: РМ) се регулира со Законот за облигационите односи (во натамошен текст: ЗОО)[410] од 2001 година. Овој инсититут според формата и содржината која ја има денес, малку се разликува од својот претходник од којшто е и преземен, а тоа е ЗОО на бившата Социјалистичка Република Југославија (во натамошен текст: СФРЈ).[411] Предмет на обработка на овој труд ќе биде поимот на овој институт, проблемите коишто истиот сметаме дека ги има, а на крајот ќе бидат дадени и некои предлози за решавање на тие проблеми.

[410] Закон за облигационите односи, Службен весник на Република Македонија, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 и 123/13

[411] Закон за облигационите односи, Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, бр. 29/78, 39/85, 46/85, 45/89 и 57/89

## 2. ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА СО ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ, ЈАВНИ ДЕМОНСТРАЦИИ ИЛИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО РМ: ПОИМ И ПРОБЛЕМИ

Институтот одговорност за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации во РМ е регулиран во член 166 од ЗОО под наслов *“Одговорност поради терористички акти, јавни демонстрации или манифестации”*.[412] Согласно член 166 став 1 државата, без оглед на постоењето на вина секогаш одговара за “*штета настаната од смрт, телесна повреда или оштетување, односно уништување на имотот на физичко или правно лице, поради акти на насилство или терор, како и при јавни демонстрации или манифестации”.* Оттука секогаш кога ќе се причини штета со акти на терор, акти на насилство како и при јавни демностарции или манифестации ќе одговара РМ независно кој е фактичкиот штетник. Меѓутоа овој член нигде не уредува што се тие акти на терор, акти на насилство, јавни демнострации или манифестации. Што значи дека во еден конкретен случај, судот ќе треба по пат на консултирање на други прописи односно Кривичиниот Законик[413] да утврди дали актите на терор и на насилство постојат во конкретен случај. Дополнително отежнувачка околност е тоа што за ова судот најчесто одлучува во парнична постапка, а не во кривична постапка што значи дека судија цивилист, ќе треба да толкува друга материја (кривична) за да донесе квалитетна одлука. Друг проблем е тоа што иако насловот на член 166 е *“Одговорност поради терористички акти...”* тој понатаму во став 1 од член 166 ги наведува прво актите на насилство и со тоа дополнително создава правна забуна. Ова поради тоа што нема логика актите на насилство да бидат пред актите на терор кога идејата на овој институт е да ги заштите граѓаните првично од актите на терор, а не од актите на насилство. Инкорпорирањето на актите на насилство дополнително е проблматично и поради тоа што премногу го шири битието на членот 166, а тоа може да биде преголем товар за буџетот на државата.

Јавните демонстрации и јавните манифестации како дејствија со кои може да се причини штета исто така не се обработени во член 166 од ЗОО. Меѓутоа правната теорија главно е согласна околу поимот на овие дејствија.[414] Па така јавните демонстрации може да ги дефинираме како “*негодување што група на луѓе го изразува против актите донесени од страна на органите на власт или другите (јавни) институции во земјата или мерки кои се преземени против акти или мерки на странски држави и нивните органи или организации, или против акти и постапки на меѓународни организации”*.[415] Додека под јавни манфистации се подразбира *“подршка која што им се изкажува на актите и мерките донесени од страна на органите на власта или другите (јавни) институции во земјата, како и на актите или мерките на странски држави и нивните органи или организации, како и на акти и постапки на меѓународни организации”.*[416] За јавните демонстрации и манифестации како форми на јавно изразување на мислење и дејстување постои друг проблем, а тоа е различната одговорност која се пропишуваа кога ќе се причини штета со овие дејтвија. Од една страна ЗОО пропишува одговорноста на РМ, а од друга страна Законот за јавните собири (во натамошен текст: ЗЈС)[417] пропишува одговорност на организаторот на овие настани. Ваквиот начин на регулирање сериозно го доведува во опаснот правната сигурност.

Друга аномалија на овој институт е и тоа што ниту ЗОО ниту Законот за парнична постапка (во натамошен текст: ЗПП)[418] не превдивуаат забрзана постапка при остварување на правото на надомест на штета, а целта на овој институт е што побрзо да се надомести оштетениот после еден таков немил настан.

---

[412] Види повеќе Галев, Г., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., *Облигационо право*, 3-то изд., Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, 2011, стр.737 и Đorđevič, Ž., Stankovič, V., *Obligaciono pravo opšti deo*, 4-to izd., Naučna knjiga, Beograd,1986, str. 411

[413] Кривичен законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 37/96, 80/99, 48/01, 04/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 41/14, 115/14,132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15

[414] Види повеќе Чавдар, К., Чавдар, К., *Закон за облигационите односи: коментари, објаснувања, практика и предметен регистар,* 2-ро изд., Академик, Скопје, 2008, стр.346

[415] Лоза, Б., *Облигационо право општи дио*, 4-то изд., Службени гласник, Београд, 2000

[416] Ibid

[417] Законот за јавните собири, Службен весник на Република Македонија, бр. 55/95, 19/06, 119/06, 66/07 и 152/15

[418] Закон за парнична постапка Службен весник на РМ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009 и 116/2010 и 124/2015

## 3. ПРЕДЛОГ РЕШЕНИЈА НА ИНСТИТУТОТ ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА СО ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ, ЈАВНИ ДЕМОНСТАЦИИ ИЛИ МАНИФЕСТАЦИИ

Откако ги детектиравме проблемите на институтот одговорност за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации следно прашање е како истите да се решат. Ние сметаме дека е нужна законодавна интервенција во членот 166 од ЗОО за да се решат горенаведените проблеми.

Законодавната интервенција треба да се однесува на следните точки:

3.1. Дефинирање на поимот терористички акти како дејствија со кои може да се причини штетата;

3.2. Бришење на актите на насилство како дејствија со кои може да се причини штетата;

3.3. Укинување/измена на членот 7 од Законот за јавните собири;

3.4. Процесот на остварување на надоместувањето на штета да се одвива според правилата на итната постапка.

Сметаме дека горенаведените предлог – решенија (освен точката 3.3) е подобро да се регулираат во рамките на ЗОО наместо да се донесе нов специјален закон (пр. како во Хрватска) поради две суштински причини. Прво, се работи за малку членови интервенција во ЗОО и со донесување на нов закон истите непотребно би се отцепувале од ЗОО. Второ, овој институт и да се отцепи од ЗОО пак останува дел од „фамилијата” на оштетното право па и во тој посебен закон тогаш би се појавила потреба да се повикува на одредбите на ЗОО како генерален закон *lat.lex generalis,* со ова само би се намалила правната ефикасност. Номотехнички овие измени сметаме дека треба да се направат по аналогија на одговорноста од градеж и одговорноста од животни на коишто ЗОО им посветува цела глава во рамките на тој отсек додека за реализирањето на точката 3.3 треба да се преземе законодавна интервенција во членот 7 од ЗЈС.

***3.1. Дефинирање на поимот терористички акти како дејствија со кои може да се причини штета***

Дефинирањето на поимот терористички акти не е едноставна работа особено ако се има предвид фактот дека овде прво, се работи за кривична материја и второ, помеѓу самите кривичари непостои согласност околу самата дефиниција. Во една ваква ситуација сметаме дека целта при дефинирањето на терористичките акти во ЗОО треба да биде двојна: прво, максимално прецизирање на битието на терористичките акти и второ, да биде во кохезија со Кривичниот законик на РМ. Ваков пример на дефинирање на терористичките акти имаме во Хрватска каде што е донесен посебен закон[419] којшто го регулира ова проблематика и сметаме дека РМ треба да го следи начинот на кој ги дефинира истите.

***3.2. Бришење на актите на насилство како дејствија со кои може да се причини* штетата**

Со цел да се избегне можноста да се воведе правна забуна и да се преоптерети буџетот на државата сметаме дека актите на насилство треба да се избришат од членот 166. Ваков пристап имаат Република Црна Гора[420] и Косово[421] коишто ги имаат избришано актите на насилство од ЗОО, на мислење сме дека и РМ треба да го направи истото.

***3.3. Укинување/измена на членот 7 од Законот за јавните собири***

ЗЈС во членот 7 пропишува одговорност на организаторот на јавните собири за штетата која настанала како резултат на одржувањето тие собири. Меѓутоа ваквиот начин на регулирање се коси со членот 166 од ЗОО кој за истите ситуации одговорноста ја лоцира кај државата (РМ). Ваквиот начин на регулирање во практика може да сериозно да создаде проблеми поради тоа што две закони за истата материја пропишуваат две спротиставени решенија. Ова сериозно го доведува во опасност начелото на правна сигурност и поради тоа е потребно итно да се преземаат чекори за да се разреши овој правен конфликт. Ние предлагама две алтернативи, а тоа се укинување на член 7 од ЗЈС со што ќе остане во сила решението во ЗОО или измена на член 7 со тоа што за одговорноста ќе упати на одредбите на ЗОО.

***3.4. Процесот на остварување на надоместувањето на штета да се одвива според правилата на итната постапка.***

Елементот време е еден од темелните вредности врз кој се гради овој институт. Еден од целите поради којштo е предвиден овој институт е оштетениот побрзо да се надомести и да му се нормализира животот после таков немил настан. Меѓутоа вака поставената цел би ја изгубила својата смисла ако

[419] Види Zakon o odgovornosti za štetu nastalu uslijed terorističkih akata i javnih demonstracija, Narodne novine Republike Hrvatske, br. 117/03

[420] Zakon o obligacionim odnosima, Službeni list Republika Crne Gore, br. 47/2008

[421] Ligji per maredheniet e detyrimeve, Gazeta zyrtare e Republikes se Kosoves, Ligji nr. 04/L-077

постапката низ која треба да се помине за да се дојде до тој надомест е долга. Дополнително што постапките во РМ се доста неефикасни и неекономични и слични постапки траеле минимум 3-4 години само за да се дојде до првостепена Пресуда.[422] За да се реши овој проблем сметаме дека треба да се следи решението на Хрватскиот закон[423] и да се додаде член во ЗОО кој ќе предвидува итна (посебна) постапка за барањата за надомест на штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации.

**ЗАКЛУЧОК**

Институтот одговорност за штета причинета со терористички акти, јавни демонстрации или манифестации вака како што е регулиран *lat.de lege lata* продолжува да изобилува со недоуреденост, нелогичност и контрадикторност. Неуреденоста е резултат на немање дефиници за основните круцијални елементи т.е. поими (актите на терор) на овој институт. Нелогичноста се однесува на нагласувањето на секундарните поими (актите на насилство) во однос на примарните (актие на терор, јавните демонстрации или манифестации) за кој впрочем и постои овој институт. Конртадикторноста се појавува како резултат на косењето на одредбите на ЗОО со ЗЈС во однос на различната одговорност кои овие го пропишуваат кога штетата настанува како резултат на јавните демонстрации или манифестации (јавни собори). Сметаме дека со цел да се разреши горенаведената ситуација е потребна законодавна интервенција. Таа интервенција треба да се однесува на дефинирање на поимот терористички акти како дејствија со кои може да се причини штета со што би се доуредил овој институт. Бришење на актите на насилство како дејствија со кои може да се причини штетата поради тоа што не се во кохезија со целта *lat. telos*, поради која постои овој институт. Укинување/измена на членот 7 од ЗЈС е неопходна и тоа итно за да елеминира контрадикторноста која постои во моментот и да се избегна евентуалната правна несигурност на долг рок. Процесот на остварување на надоместувањето на штета да се одвива според правилата на итната постапка бидејќи во обратно би се губил смислата на овој институт, а тоа е што побрзо оштетениот да добие надомест за да продолжи со нормалното одвивање на животот во заедницата, а државата потоа да ги гони и да бара надомест на штета од сторителите/причинителите.

***БИБЛИОГРАФИЈА***

***Учебници и монографии***

Чавдар, К., Чавдар, К., *Закон за облигационите односи: коментари, објаснувања, практика и предметен регистар,* 2-ро изд., Академик, Скопје, 2008;

Галев, Г., Дабовиќ-Анастасовска, Ј., *Обилгационо право*, 3-то изд., Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, 2011;

Đorđevič, Ž., Stankovič, V., *Obligaciono pravo opšti deo,* 4-to izd., Naučna knjiga, Beograd, 1986;

Koch, A. B., *Report on indemnifying victimos of terrorism: A comparative survey for the European Commitee on Legal Co-operation,* European centre for tort and isurance law, Austria, 2006;

Лоза, Б., *Обилгационо право општи дио*, 4-то изд., Службени гласник, Београд, 2000;

***Прописи на Република Македонија***

Закон за облигационите односи, Службен весник на Република Македонија, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 и 123/13;

Закон за облигационите односи, Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, бр. 29/78, 39/85, 46/85, 45/89 и 57/89;

Закон за парнична постапка Службен весник на РМ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009 и 116/2010 и 124/2015;

Законот за јавните собири, Службен весник на Република Македонија, бр. 55/95, 19/06, 119/06, 66/07 и 152/15;

**Научни и стручни статии**

Puvača Bukovac, M., *Odgovornost Republike Hrvatske za štetu preuzročenu terorističkim aktom*", zbornik Praven fakulteta Rijeke, v. 27, br. 1, 267-306 (2006);

[422] За илустрација на овој факт види Пресуда на Основен суд Тетово, П.бр.416/04 од 14.04.2009 година и Пресуда на Основен суд Дебар, П.бр.48/2010 од 12.07.2010 година

[423] Види член 9 став 3 и 4 од Zakon o odgovornosti za štetu nastalu uslijed terorističkih akata i javnih demonstracija, Narodne novine Republike Hrvatske, br. 117/03

Zrinko, Z., *Odgovornost za ratni štetu i štetu nastalu uslijed terorističkog akta*, Hrvatskoj pravnoj reviji 2004/03, Zagreb, 2004;

***Прописи на странски држави***

Zakon o odgovornosti za štetu nastalu uslijed terorističkih akata i javnih demonstracija, Narodne novine Republike Hrvatske, br. 117/03;

Zakon o obligacionim odnosima, Službeni list Republika Crne Gore, br. 47/2008;

Ligji per maredheniet e detyrimeve, Gazeta zyrtare e Republikes se Kosoves, Ligji nr. 04/L-077;

**Судски одлуки**

Основен суд Тетово, П.бр.416/04 од 14.04.2009 година;

Основен суд Дебар, П.бр.48/2010 од 12.07.2010 година;